Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на ден од дневни настани 18.08.2020

На 17.08.2020 во 15.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Ѓорче Петров", го лишиле од слобода А.Ј.(23) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2020 во 20.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Веле Марков", го лишиле од слобода Р.В.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2020 во 22.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба, го лишиле од слобода Е.М.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2020 во 09.45 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„23 Октомври", пред крстосницата со бул.„Кузман Јосифовски Питу", патничко возило „опел корса", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ж.М.(67) од Скопје, удрило во пешакот П.Ч.(85) од Скопје. Во незгодата П.Ч. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.08.2020 во 15.30 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Втора македонска бригада", мотоцикл „пијаџо беверли", со скопски регистарски ознаки, управуван од Ф.С.(42) од Скопје, паднал на коловозот. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.08.2020 во 20.00 часот било пријавено дека во Охрид на ул.„Ристо Чадо" мопед „лонгија", со охридски регистарски ознаки, управуван од 17-годишник од Охрид, удрил во пешакот Б.Ѓ.(68) од Охрид. Б.Ѓ. била пренесена во Општата болница Охрид, каде им подлегнала на повредите. Возачот на мопедот се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 17.08.2020 во 09.00 часот во Полициската станица Кисела Вода С.М.(61) од Скопје пријавила дека на бул.„Борис Трајковски" била касната од куче скитник.

На 17.08.2020 во 14.30 часот во СВР Скопје од Комплекс клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив била донесена Ф.Д.(70) од Скопје, која се здобила со тешки телесни повреди во маркет на ул.„Козле", додека се движела со електричниот ескалатор. Полициски службеници извршиле увид на местото на настанот.

На 17.08.2020 во 11.43 часот во Полициското одделение Петровец В.К.(40) од Скопје пријавил дека во нас.„Илинден" бил каснат од куче скитник.

Во текот на 17.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се шест возила бидејќи биле нерегистрирани, четири возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, седум возачи затоа што управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената, двајца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, а 44 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 18.08.2020 во 02.45 часот на ул.„Абас Емин" во Охрид, при преглед во патничко возило „citroen берлинго", сопственост на А.Ц.(48) од Охрид, полициски службеници пронајдоа и одзедоа три кеси со марихуана. Дополнително, во близина на неговиот дом на истата улица се пронајдени шише со течност и марихуана. А.Ц. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.08.2020 во 17.20 часот, на бул.„Железничка" во Охрид, при преглед на патничко возило „рени ровер", со скопски регистарски ознаки, управуван од З.П.(22) од Скопје, полициски службеници пронајдоа и одзедоа кесе со марихуана. Возачот и сопатникот М.Р.(19) од Охрид се приведени во СВР Охрид и по целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.08.2020 во 14.30 часот, вработен во КПУ Затвор „Тетово", во СВР Тетово пријавил дека половина час пред тоа, при преглед на затвореникот И.М.(32) од Гостивар, кој се вратил од викенд, му била пронајдена марихуана. Се преземаат мерки за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе следува поднесок.

На 17.08.2020 во 12.00 часот А.А.Б.(49) од Скопје пријавила дека на 16.08.2020, околу 18.50 часот, во електронското сандаче од нејзиниот профил на социјалната мрежа „Фејсбук" примила порака со заканувачка содржина од „Фејсбук" профил на лице кое не го познава лично и не е во нејзината група на пријатели. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2020 во 12.40 часот Б.А.(34) од Велес, вработен како обезбедување во банка, пријавил дека додека извршувал работни задачи, бил физички нападнат од Б.Ш.(52) од Велес. Според пријавеното, на нападот му претходела вербална расправија поради непочитување на протоколите за заштита од Ковид-19 од страна на пријавениот. Тој бил приведен во Полициската станица Велес и по целосно расчистување и документирање на настанот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ж.Р.(30) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 27.07.2020 во згодна прилика, пријавениот одзел картичка сопственост на Н.Р. од Скопје, по што со неа преку ПОС терминали на повеќе места низ градот извршил 19 трансакции, со што прибавил противправна имотна корист за себе, а на штета на Н.Р., во износ од 73.500 денари.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против С.Р.(23) од с.Банско, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 14.08.2020 околу 21.40 часот на регионалниот пат Струмица - с.Дабиље, на влезот на с.Дабиље, од полициски службеници од Полициската станица за гранични премин и граничен надзор „Ново Село", при вршење службени дејствија, било сопрено патничко возило „алфа ромео 156", со бугарски регистарски ознаки, управувано од С.Р., при што во возилото биле пронајдени 12 мигранти, и тоа девет од Сирија и три од Палестина.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.Ј.(24) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба". На 04.08.2020 во Кочани на ул.„Стамен Манов", пријавениот, заедно со М.Л., влегол во куќа сопственост на Е.М. од Делчево и одзел пари. Притоа бил забележан од А.М., син на оштетениот, кој се обидел да му ги одземе парите, но бил физички нападнат од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против К.П.(48) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 10.08.2020 во Гостивар, од полициски службеници бил извршен претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени семки од марихуана, дробилка и куршум калибар 7.62x25 мм.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Т.Н.(52) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи од безбедноста". На 15.08.2020 во с.Крани, пријавениот, заедно со Г.Т. од Битола, биле забележани од полициски службеник одПолициската станица Ресен, како ја прескокнуваат оградата за да излезат од црквата Св. „Богородица" во с.Крани. Полицискиот службеник се обидел да ги сопре, но Г.Т. побегнал кон возилото со кое биле дојдени, а Т.Н. со штрафцигер го нападнал, но полицискиот службеник успеал да го совлада пријавениот.

На 17.08.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека се оддалечила А.Е.(17) од Скопје, која во повеќе наврати се оддалечувала и се враќала назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.08.2020 А.М.(41) од Охрид во полициска станица пријавила дека нејзината малолетна ќерка, на ул.„Гоце Делчев" во Охрид, била касната од куче скитник.

На 17.08.2020 во 21.54 часот Н.Н. пријавил дека во Скопје на ул.„Орце Николов", додека го управувал своето патничко возило „голф", со скопски регистарски ознаки, покривот од возилото му бил оштетен од залутано зрно. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на расчистување на случајот.

На 18.08.2020 во 07.00 часот Д.С.(61) од Скопје пријавил дека околу 06.00 часот на ул.„Мечкин Камен", по претходна расправија, бил физички нападнат од М.М.(47) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 17.08.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека се оддалечила М.С.(16) од Скопје, која и досега во повеќе наврати се оддалечувала и се враќала. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет